РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку контакт формата на web страна на Државната комисија, доставено е прашање со кое од Државната комисија се бара мислење дали постои судир на интереси доколку именуван директор од страна на министер е избран за член на Совет во локална самоуправа и доколку има судир на интереси кој е законскиот рок по добивање на решение од ОИК да се откаже од едната функција.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

(4) „Избрано или именувано лице **не може** истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал."

Имено, согласно цитираните одредби постои забрана за вршење на други дејности, по што Државната комисија укажува дека во исто време не може да се вршат двете наведени функции, директор и член на Совет на општина.

Воедно, Државната комисија извести, доколку горенаведените функции се извршуваат во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција."

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во врска со прашањето за рокот на откажување од вршење на една од двете наведени функции, Државната комисија известува дека во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не е предвиден рок, но потребно е лицето **веднаш** да се откаже од вршење на една функција после започнување на извршување на другата функција.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**